АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# СОПСТВЕНОСТА НА МЕДИУМИТЕ

# КАКО АСПЕКТ НА МЕДИУМСКИОТ ПЛУРАЛИЗАМ

Скопје, септември 2014 година

# СОДРЖИНА:

ВОВЕД ........................................................................................................................ 3

Сопственоста на медиумите како аспект на медиумскиот плурализам ............................... 4

Плурализмот на сопственоста во Република Македонија ..................................................12

ПОЛЕ НА РИЗИК 1: Висока концентрација на сопственоста кај комерцијалните ............12

телевизиски станици ......................................................................................12

ПОЛЕ НА РИЗИК 2: Висока концентрација на сопственоста кај радиостаниците............15

ПОЛЕ НА РИЗИК 3: Висока концентрација на сопственоста кај .....................................16

кабелските/сателитските телевизиски станици ..............................................................16

ПОЛЕ НА РИЗИК 4: Висока концентрација на вкрстена медиумска сопственост ............18

ПОЛЕ НА РИЗИК 5: Висока вертикална концентрација...................................................18

ПОЛЕ НА РИЗИК 6: Недостаток на транспарентност на сопственичката структура .......19

Заклучоци .....................................................................................................................22

## ВОВЕД

Една од надлежностите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е да *“се грижи за заштита на плурализмот на аудиовизуелните медиумски услуги, охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“.*

Целта на изработката на оваа анализа беше да се добијат сознанија за состојбите во врска со концентрацијата на медиумската сопственост во Република Македонија, како и во врска со законската регулатива која треба да претставува гаранција за заштита на плурализмот на сопственоста и за спречување на прекумерна хоризонтална, вертикална и дијагонална концентрација на сопственоста на медиумите, поради тоа што тие може да бидат сериозна закана за медиумскиот плурализам.

Основа за изработка на анализата претставува „Прирачникот за создавање пазарни услови за одржлив економски раст на медиумската индустрија и фер конкуренција“ што во 2009 година го усвои регулаторното тело во Република Македонија. Овој Прирачник беше изработен со експертска помош во рамките на ТАИЕКС мисијата посветена на унапредувањето на медиумскиот плурализам и разновидност.

Во оваа анализа, како и во Прирачникот, се опфатени шест (од вкупно десет) полиња на ризик во областа на плурализмот на сопственоста на медиумите кои се посочени во „Независната студија за индикаторите за медиумски плурализам во земјите членки – кон приод заснован на ризик“ што во 2009 година ја изработија група независни експерти по нарачка на Европската комисија, а кои се во рамките на надлежностите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Сопственоста на медиумите како аспект на медиумскиот плурализам

Медиумскиот плурализам е еден од основните предуслови за развој на демократско општество. Тој не претставува цел, туку средство преку кое се остваруваат основните човекови права на слободата на изразување и слободата на информирање, загарантирани во членот 19 од Универзалната декларација за човекови права[1], членот 10 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи[2], како и со членот 11 од Повелбата за фундаменталните права на Европската унија[3].

Концептот медиумски плурализам опфаќа неколку аспекти, како што се разновидноста на сопственичката структура на медиумите, разновидноста на изворите на информирање и на содржините што се достапни преку медиумите.

За разлика од најголем дел од останатите бизниси, кога станува збор за сопственоста на медиумите постојат специфични правила и регулативи, што произлегува од улогата на медиумите во демократското општество - тие треба да бидат вистински чувари на демократијата во земјата и на граѓаните да им обезбедат професионални, независни и вистинити информации. Имајќи го предвид нивното влијание врз формирањето на јавното мислење, како и врз формирањето на ставовите, мислењата и вредностите на публиката, нужно е тие да пренесуваат различни и спротиставени гледишта и ставови за прашањата од поширок општествен интерес. Во оваа смисла, се

---

[1] *„Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите.“*

[2] *„1. Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите, на претпријатијата за радио, филм и телевизија да им наметнуваат режим на дозволи за работа.*
*2. Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.“*

[3] *„1. Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува и слободата на мислење и примање и испраќање на информации и идеи без мешање од јавен авторитет и независно од граници.*
*2. Ќе се почитуваат слободата и плурализмот на медиумите.“*

смета дека концентрацијата на сопственоста може да доведе *до „...стеснување на јавниот дискурс при што одредени гледишта се исклучени или помалку претставени. Освен тоа, поради фактот што едни гледишта се претставени а други маргинализирани, може да се појави злоупотреба на политичката моќ преку лобирање на моќни интересни групи, било да се тие политички, комерцијални или други*“[4].

Од друга страна пак, плурализмот на сопственоста сам по себе не претставува гаранција за обезбедување медиумски плурализам, како што и постоењето на концентрација на сопственоста не мора нужно да значи закана за медиумскиот плурализам. Впрочем, на помалите пазари, каде приходите од рекламирање се релативно помали, практично е невозможно економски да опстанат и профитабилно да работат поголем број даватели на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги, тие да бидат конкурентни на пазарот, економски одржливи, а истовремено да бидат контролирани од голем број различни актери. Затоа, кај помалите земји, каква што е и Македонија, потешко може да се обезбеди екстерен плурализам, односно плурализам на сопственоста, туку за нив од суштествено значење е обезбедување на интерен плурализам, кој што подразбира разновидност на содржините кои и се достапни на публиката преку медиумите.

Како што е нагласено во Објаснувачкиот меморандум на **Препораката бр.(99) 1 на Комитетот на министри до државите членки за мерките за унапредување на медиумскиот плурализам**[5] *„поимот „медиумски плурализам“ треба да се разбере како разновидност на медиумска понуда, која се одразува, на пример, во постоење на мноштво независни и самостојни медиуми (генерално наречен структурен плурализам), како и разновидност на медиумски видови и содржини (гледишта и ставови) достапни за јавноста. Оттука, двата, и структурниот/квантитативниот и квалитативниот аспект се централни за поимот медиумски плурализам“.*

---

[4] Работен документ на стручната служба на Европската комисија „Медиумскиот плурализам во земјите членки во Европската унија“{SEC(2007) 32}
http://ec.europa.eu/information_society/media_taskforce/doc/pluralism/media_pluralism_swp_en.pdf

[5] Препораката бр.(99) 1 на Комитетот на министри до државите членки за мерките за унапредување на медиумскиот плурализам е достапна на
http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/doc/cm/rec(1999)001&expmem_EN.asp

Сопственоста на медиумите и нејзиното регулирање се посочени како значаен аспект за унапредување на медиумскиот плурализам, па затоа во прилогот кон Препораката се содржани мерки кои на државите-членки им се препорачува да ги вклучат во домашната медиумска регулатива или во практиката. Така, државите-членки во домашната легислатива треба да предвидат мерки кои ќе овозможат спречување на *"...концентрациите што можат да го загрозат медиумскиот плурализам..."*, како и мерки кои ќе овозможат *„да се ограничи влијанието што може да го има една комерцијална компанија или група во еден или повеќе медиумски сектори".* При утврдувањето на овие ограничувања треба да бидат земени предвид големината на медиумскиот пазар и нивото на расположливи извори на пазарот. Исто така, треба да бидат утврдени и мерки за ограничување на вертикалната интеграција, која може да биде штетна за медиумскиот плурализам, односно мерки кои ќе спречат клучните елементи за производство, емитување, дистрибуција и сродни активности да бидат контролирани од една компанија или група. Во оваа Препорака е посочено дека во секоја земја е потребно да постои посебен медиумски орган кој ќе има овластувања да презема активности против спојувања и концентрации кои би биле штетни за развојот на плурализмот, или пак вакви овластувања треба да им бидат дадени на постојните регулаторни тела. Заштитата на медиумскиот плурализам треба да се има предвид и при доделувањето на дозволи за работа.

Со **Препораката (94)13 за мерките за промовирање транспарентност на медиумите**, потсетувајќи дека медиумскиот плурализам и разновидност се суштински за функционирањето на едно демократско општество, Комитетот на министри им препорача на државите-членки во домашната легислатива да вградат мерки со кои ќе обезбедат транспарентност на сопственоста и на работењето на медиумите, а се со цел на јавноста да и се овозможи соодветно да ги вреднува, односно да формира мислење за информациите, идеите и мислењата кои ги шират медиумите. Како дел од мерките кои можат да ја гарантираат транспарентноста на медиумите во радиодифузниот сектор се посочени:

- во легислативата да бидат предвидени обврски за обелоденување на одреден вид информации при доделувањето на дозволи за вршење радиодифузна дејност, и тоа: информации за лицата или телата кои учествуваат во структурата која раководи со медиумот, како и информации за природата и обемот на нивното учество во таа структура; информации за евентуално учество на овие лица во сопственоста на други

медиуми; и информации за други лица или тела кои можат да имаат влијание врз програмската политика на медиумот;

- во легислативата да бидат предвидени обврски за обелоденување на одреден вид информации по доделувањето на дозволи за вршење радиодифузна дејност, и тоа: обврска за обелоденување на промените кои настанале кај трите погоре наведени катергории информации во текот на работењето и други информации.

Во 2007 година, Комитетот на министри ја усвои **Препораката (2007) 2 за медиумскиот плурализам и разновидноста на медиумската содржина**[6], со цел да се направи ревизија на Препораката бр.(99) 1 за мерките за унапредување на медиумскиот плурализам и Препораката (94) 13 за мерките за промовирање медиумска транспарентност, а во насока на прилагодување на овие два текста кон актуелната состојба на медиумскиот сектор во Европа, поради значајните технолошки промени кои се случија во периодот по нивното усвојување.

Оваа Препорака содржи четири групи мерки: мерки кои го унапредуваат структурниот плурализам, мерки кои ја унапредуваат разновидноста на содржината, мерки за медиумската транспарентност и научното истражување.

Мерките за регулирањето на сопственоста се дел од мерките за унапредување на структурниот плурализам, заедно со мерките за медиумите од јавниот сервис, мерките за другите медиуми кои придонесуваат за плурализам и разновидност, мерките за пристапна регулатива и другите мерки за поддршка. Како прв општ принцип на оваа група мерки утврдено е дека *„земјите-членки треба да осигураат доволно разновидни медиуми од различни сопственици, и приватни и јавни, да бидат достапни на јавноста, земајќи ги предвид карактеристиките на медиумскиот пазар, особено специфичните комерцијални и конкурентски аспекти.“*.

Во врска со регулирањето на сопственоста на медиумите, се препорачува во домашната регулатива на земјите-членки да бидат вградени мерки со кои ќе се ограничи можноста едно лице, компанија или група да има преголемо влијание во еден или повеќе медиумски сектори, како и да се обезбедат доволен број разновидни медиуми. Овие мерки треба да овозможат спречување на прекумерна хоризонтална интеграција (која

[6] Препораката (2007) 2 на Комитетот на министри до државите членки за медиумскиот плурализам и разновидноста на медиумската содржина е достапна на https://wcd.coe.int/ViewDoc.jsp?id=1089699

подразбира спојување во иста област на активност, во овој случај моно-медиумска и мулти-медиумска концентрација) и на прекумерна вертикална интеграција (контрола од страна на едно лице, компанија или група на некои од клучните елементи на продукција, дистрибуција и други активности како рекламирањето или телекомуникациите).

И во овој документ е нагласена потребата при определувањето на овие ограничувања нужно да се имаат предвид големината и спецификите на пазарот. Ограничувањата треба да се утврдени врз основа на прагови определени според објективни и реалистични критериуми (удел во гледаноста или слушаноста, тираж, обрт/приход, заеднички капитал или гласачки права). Истовремено, овие прагови не смеат да претставуваат пречка за развојот на иновациите во полето на медиумите, па затоа тие треба да бидат предмет на редовна ревизија, следејќи ги постојаните технолошки, економски и социјални случувања.

Она што е исто така значајно е на институциите кои се одговорни за имплементирање на овие правила да им биде дадена соодветна надлежност за извршување на нивната мисија, особено *„моќ да одбијат одобрување или барање за лиценца и моќ да дејствуваат против сите операции на концентрација, особено да се одземе имотот на постоечките медиуми каде се достигнати неприфатливи нивоа на концентрација и/или каде е загрозен медиумскиот плурализам“.*

Во јули 2009 година беше изработена **„Независна студија за индикаторите за медиумски плурализам во земјите членки – кон приод заснован на ризик“**[7] на Европската комисија. Според пошироката работна дефиниција од оваа Студија *„медиумски плурализам значи: разновидност на медиумската понуда, употреба и дистрибуција, во врска со 1) сопственоста и контролата, 2) медиумските видови и жанрови, 3) политичките ставови, 4) културните изразувања и 5) локалните и регионалните интереси. Индикаторите се однесуваат и на активниот и на пасивниот пристап кон медиумите, на различните културни, политички и географски групи во општеството.“.*

---

[7] Независната студија за индикаторите за медиумски плурализам во земјите членки – кон приод заснован на ризик/ Independent Study on Indicators for media Pluralism in the member States – Towards a Risk - Based Approach) е достапна на http://ec.europa.eu/information_society/media_taskforce/doc/pluralism/pfr_report.pdf

Плурализмот и контролата на сопственоста на медиумите, според оваа Студија претставуваат само една од вкупно шест области на медиумскиот плурализам: основен домен, културен плурализам во медиумите, политички плурализам во медиумите, географски/локален плурализам во медиумите, плурализам на медиумската сопственост и контрола и плурализам на медиумските видови и на жанровите. Плурализмот и контролата на сопственоста на медиумите, според оваа Студија „*се однесуваат на постоење на медиуми и медиумски платформи кои се во сопственост на или се контролирани од мноштво независни и автономни актери; тој подразбира мноштво актери на ниво на медиумска продукција, медиумска понуда и медиумска дистрибуција (односно разновидност на медиумски извори, медиуми, понудувачи и дистрибутивни платформи)*“.

Во доменот на плурализмот на медиумската сопственост и контрола, Студијата идентификува вкупно десет полиња на ризик, и тоа висока концентрација на сопственоста кај: терестијалните телевизии; радиостаниците; дневните весници; магазините; кабелски/сателитски/АДСЛ/ТВ; провајдерите на интернет содржини; книгоиздаваталството; висока концентрација на сопственоста помеѓу различните видови медиуми; висока вертикална концентрација; и недостаток на транспарентност на сопственичката структура.

За секое од овие десет полиња на ризик утврдени се правни и економски индикатори. Целта на правните индикатори е да се процени дали постојат регулаторни заштитни мерки, кои можат да ја спречат недозволената концентрација на сопственоста или на контролата на медиумите, и доколку постојат колку се тие ефикасни. Како главни закани во оваа област од правна, односно од регулаторна перспектива се посочени:

- регулаторната рамка не може да ја спречи недозволената концентрација на сопственоста и/или контролата во медиумите (од различен вид);
- регулаторната рамка не може да ги спречи недозволените форми на соработка помеѓу медиумските компании;
- правилата на конкуренција не ги земаат предвид специфичностите на медиумскиот сектор на штета на медиумскиот плурализам;
- не постои ефикасно следење и санкционирање на анти-концентрациските правила;
- регулаторната рамка не може да обезбеди транспарентност на сопственоста/контролата на медиумите;

- регулаторниот и институционален систем создава високи бариери за влез, отежнувајќи го влезот и попречувајќи го порастот на потенцијални нови учесници, задушувајќи го со тоа пазарот и иновативноста.

Високата хоризонтална и вертикална концентрација, како и високата концентрација на сопственоста кај различните видови медиуми може да влијае на уредувачката независност (поради одредени комерцијални или политички интереси на сопствениците на медиумите), може да создава препреки на полето на дистибуцијата, како и интероперабилни проблеми. Ова претставува закана за медиумскиот плурализам не само од аспект на понудата, туку и од аспект на дистрибуцијата и пристапноста.

Во Студијата се посочени повеќе економски индикатори за високата концентрација на сопственоста, а дел од нив се: приходот на целокупната медиумска индустрија; сумата и изворите на приходи од медиумската индустрија; просекот на профитабилност на медиумскиот сектор; нето приходите од медиумскиот сектор; вработените во секторот (полно работно време и хонорарно); концентрацијата на сопственоста по сектор и сите медиуми; концентрацијата на публиката по сопственик, по сектор и сите медиуми; концентрацијата на рекламирањето по сектор и сите медиуми; обемот на вертикална интеграција и концентрација; бројот на медиумски сектори во кои водечките осум фирми/сопственици се активни; обемот на странска сопственост и други.

Во декември 2009 година регулаторното тело за медиуми во Република Македонија усвои **„Прирачник за создавање пазарни услови за одржлив економски раст на медиумската индустрија и фер конкуренција“**[8]. Прирачникот беше изработен со експертска помош во рамките на ТАИЕКС мисијата посветена на унапредувањето на медиумскиот плурализам и разновидност. Прашањата за плурализмот на сопственоста и за регулативата во однос на медиумската сопственост се обработени во делот 4. „Плурализам и контрола на сопственоста на медиумите“. Како основа за изработка на овој Прирачник беше користена и „Независната студија за индикаторите за медиумски плурализам во земјите членки – кон приод заснован на ризик“.

---

[8] Прирачникот за создавање пазарни услови за одржлив економски раст на медиумската индустрија и фер конкуренција е достапен на http://avmu.mk/images/priracnik-pazarni-uslovi.pdf

Од вкупно 10 полиња на ризик во областа на плурализмот на сопственоста кои се посочени во Студијата, во Прирачникот се опфатени само оние шест кои се во рамките на надлежностите на регулаторното тело во Република Македонија:

| Поле на ризик | Индикатор |
|---|---|
| Висока концентрација на сопственоста кај терестријалните ТВ станици | Концентрација на сопственоста кај терестријалните ТВ станици (хоризонтална)<br>Концентрација на публиката кај терестријалните телевизии<br>Регулативни гаранции против високата концентрација на сопственоста кај терестријалните ТВ станици |
| Висока концентрација на сопственоста кај радиостаниците | Концентрација на сопственоста кај радиостаниците (хоризонтална)<br>Концентрација на публиката кај радиостаниците<br>Регулативни гаранции против високата концентрација на сопственоста кај радиостаниците |
| Висока концентрација на сопственоста кај кабелски/сателитски ТВ | Концентрација на сопственоста кај кабелски/сателитски ТВ (хоризонтална)<br>Концентрација на публиката кај кабелски/сателитски ТВ<br>Регулативни гаранции против високата концентрација на сопственоста кај кабелски/сателитски ТВ |
| Висока концентрација на вкрстена медиумска сопственост (дијагонална) | Број на сектори во кои 8-те најзначајни претпријатија/сопственици се активни<br>Регулативни гаранции против високата концентрација на сопственоста помеѓу телевизиите и радиостаниците<br>Регулативни гаранции против високата концентрација на сопственоста помеѓу печатените медиуми и радиодифузерите |
| Висока вертикална концентрација | Регулативни гаранции против создавање тесни грла во дистрибуцијата/мрежите како резултат на вертикалната интеграција<br>Регулативни гаранции против високиот степен на интеграција помеѓу рекламните и медиумските активности |
| Недостаток на транспарентност на сопственичката структура | Регулативни гаранции за транспарентност на сопственичката структура и/или контрола кон јавноста<br>Регулативни гаранции за транспарентност на сопственичката структура и/или контрола кон регулаторот |

## Плурализмот на сопственоста во Република Македонија

### ПОЛЕ НА РИЗИК 1: Висока концентрација на сопственоста кај комерцијалните телевизиски станици

#### Индикатор 1.1: Концентрација на сопственоста кај терестријалните ТВ станици (хоризонтална)

Дозвола да емитуваат телевизиска програма преку терестријален предавател имаат вкупно 30 даватели на аудиовизуелни медиумски услуги, од кои пет на државно ниво и 25 на регионално ниво.

Сите пет телевизиски станици кои емитуваат програма на државно ниво се основани од различни субјекти и не постои сопственичка поврзаност помеѓу нив. На само една од нив (ТВ Канал 5) сопственик е физичко лице, а три (ТВ Сител, ТВ Телма и ТВ Алфа) се во сопственост на правни лица. Сопственик на ТВ Алсат-М е едно физичко лице, кое само 1% од капиталот поседува директно, а останатите 99% преку правно лице на кое тој е единствен основач. Четири од овие телевизиски станици се во сопственост на домашни правни или физички лица, а кај само една од нив (ТВ Алфа) еден од основачите на правното лице кое се јавува како основач на телевизијата е странско лице. Деталните податоци за сопствениците на телевизиските станици со уделот во сопственоста се дадени во Анекс 1.

Две од телевизиите на државно ниво се во сопственичка поврзаност со по една регионална телевизија, и тоа:

- ТВ Сител се јавува како единствен основач на ТВ Сител 2 од Кратово, која има дозвола да емитува телевизиска програма во регионот D2-Страцин; и
- Правното лице АЛФА-СКОП ДОО експорт-импорт Скопје, кое е единствен основач на ТВ Алфа, поседува 99,98% од капиталот на регионалната телевизија ТВ Скопје од Скопје, која емитува во регионот D1- Црн Врв – Скопје.

Од вкупно 25 регионални телевизиски станици кои емитуваат преку терестријален предавател, 15 се основани од физички лица, осум од правни лица, а две се во мешовита сопственост каде што правните лица поседуваат повеќе од 97% од капиталот.

Хоризонтална интеграција на капиталот постои само кај шест регионални телевизии, и тоа:

- ТВ Д1 од Делчево (регион Д3-Туртел) и ТВ Боем од Кичево (регион Д5-Пелистер) се во сопственост на правното лице Друштво за услуги ГМ ТРЕЈД СОЛУШНС ДООЕЛ од Скопје.
- Правното лице Друштво за услуги ЕМПЕРИЈАН ВИЗИОН ДООЕЛ од Скопје се јавува како сопственик на две регионални телевизии: ВТВ од Валандово (емитува во регионот Д4-Боскија) и на ТВ Канал три од Дебар, единствената телевизија која има дозвола да емитува програма во регионот Д7-Стогово.
- Сопственик на регионалните телевизии ТВ НТВ од Охрид (регион Д6-Мали Влај) и ТВ Менада од Тетово (регион Д8-Попова Шапка) е правното лице Друштво за услуги ДМТ ПРОДАКШН ДООЕЛ од Скопје.

Дури 24 регионални телевизии се во сопственост на домашни правни или физички лица, а кај само една регионална телевизија (ТВ Скопје од Скопје) е присутен странски капитал.

**Индикатор 1.2: Концентрација на публиката кај терестријалните телевизии**

Во 2013 година, 61,90% од вкупната гледаност отпаѓала на петте комерцијални телевизии на државно ниво и на трите програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис Македонска телевизија. Најголем удел во вкупната гледаност имала ТВ Сител (28,60%), а на второто место, со учество од 12,80% во вкупната гледаност била ТВ Канал 5. Заедничката гледаност на трите програмски сервиси на Македонската телевизија изнесувала 9,00% (првиот програмски сервис МРТ 1 - 6,60%, вториот програмски сервис МРТ 2 - 1,10% и Собранискиот канал 1,30%). Учеството на ТВ Алсат-М во вкупната гледаност било 5,30%, а речиси подеднакво учество имале ТВ Алфа (3,20%) и ТВ Телма (3,00%). Останатите 38,10% од времето публиката ги гледала содржините на сателитските, регионалните, локалните и странските телевизии, или пак гледала содржини преку ДВД, играла видео игри на телевизорот и друго.

Поради воведување на нов, пософистициран систем, а заради исклучувањето на аналогното емитување и започнувањето со дигиталното емитување на телевизискиот сигнал во јуни 2013 година, истражувачката агенција Ниелсен Аудиенце Меасуремент не беше во можност да и обезбеди на Агенцијата точни и прецизни податоци за гледаноста

на сателитските, регионалните и локалните телевизии. Поточно, податоците за периодот од јуни заклучно до август 2013 година не се доволно прецизни, поради тоа што голем дел од домаќинствата во панелот во овој период преминуваа од аналоген кон дигитален прием на телевизискиот сигнал.

### Индикатор 1.3: Регулативни гаранции против високата концентрација на сопственоста кај терестријалните ТВ станици

Прашањето на хоризонталната интеграција на капиталот, односно праговите до кои едно лице може да поседува дел од сопственоста на два или повеќе радиодифузери, се дефинирани во член 37 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно овој член, физичко или правно лице кое е мнозински содружник или мнозински акционер во радиодифузер кој има дозвола за обезбедување на телевизиско емитување на државно ниво, може да биде содружник или акционер, односно да учествува во сопственоста на само уште еден радиодифузер кој има дозвола за обезбедување на телевизиско емитување на државно ниво, но не повеќе од 50% од основната главнина на тој радиодифузер или 50% од правото на одлучување, или во најмногу уште еден радиодифузер кој има дозвола за вршење на радиодифузна дејност за телевизиско емитување на регионално ниво и најмногу уште во два радиодифузера кои имаат дозвола за обезбедување на телевизиско емитување на локално ниво, при што подрачјата на локално ниво не се соседски.

Физичко или правно лице кое е мнозински содружник или мнозински акционер во радиодифузер кој има дозвола за обезбедување на телевизиско емитување на регионално ниво, може да биде мнозински содружник или мнозински акционер во најмногу уште еден радиодифузер кој има дозвола за вршење на радиодифузна дејност за телевизиско емитување на регионално ниво при што подрачјата на регионално ниво не се соседски и во уште најмногу два радиодифузера кои имаат дозволи за обезбедување на телевизиско емитување на локално ниво, при што подрачјата на локално ниво не се соседски.

Што се однесува до интеграцијата на капиталот помеѓу радиодифузери на локално ниво, во Законот е предвидено дека едно лице кое е мнозински содружник или мнозински акционер во радиодифузер кој има дозвола за обезбедување на телевизиско емитување на локално ниво, може да биде мнозински содружник или мнозински акционер во

најмногу уште два радиодифузера кои имаат дозволи за обезбедување на телевизиско емитување на локално ниво, при што подрачјата на локално ниво не се соседски.

## ПОЛЕ НА РИЗИК 2: Висока концентрација на сопственоста кај радиостаниците

### Индикатор 2.1: Концентрација на сопственоста кај радиостаниците (хоризонтална)

Дозвола да емитуваат радиопрограма имаат вкупно 75 радиостаници, од кои три се неприфитни а 72 комерцијални (четири емитуваат на државно ниво, 16 на регионално и 52 на локално ниво).

Сите комерцијални радиостаници во Република Македонија се во сопственост на домашни странски или физички лица. Две од комерцијалните радиостаници што емитуваат програма на државно ниво се во сопственост на повеќе физички лица, а две се во сопственост на правни лица. Сопствениците на само две регионални радиостаници се правни лица, а на останатите 14 се физички лица. Од вкупно 52 комерцијални локални радиостаници, само една е во сопственост на правно лице, кај две помал дел од сопственоста е на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување (станува збор за две трансформирани локални јавни радиодифузни претпријатија), а останатите 49 се во сопственост на физички лица.

Хоризонтална интеграција на капиталот постои само помеѓу две радиостаници: РА Метрополис која емитува програма на државно ниво и регионалната радиостаница Сити радио од Скопје. Имено, едно физичко лице кое поседува 49,9% од сопственоста на РА Метрополис е единствен основач на РА Сити радио од Скопје.

### Индикатор 2.2: Концентрација на публиката кај радиостаниците

Податоците за слушаноста на радиостаниците се обезбедени од истражувачката агенција ИПСОС СТРАТЕЏИК ПУЛС од Скопје и тие се однесуваат на просечниот неделен досег на радиостаните. Според овие податоци, во 2013 година највисок неделен досег имала радиостаницата Антена 5 (23,10%), потоа радиостаницата Канал 77

(10,60%), а на третото место бил првиот програмски сервис на јавниот радиодифузен сервис Македонско радио – Македонско радио 1, со просечен неделен досег од 6,20%. На четвртото место била радиостаницата Метрополис, чиј просечен неделен досег изнесувал 4,10%, а на петтото вториот програмски сервис на Јавниот радиодифузен сервис со просечен неделен досег од 3,8%.

### Индикатор 2.3: Регулативни гаранции против високата концентрација на сопственоста кај радиостаниците

Мерките кои се однесуваат на ограничувањата во врска со сопственоста на радиостаниците се идентични со ваквите мерки за телевизиските станици. Во член 37 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги наведено е дека праговите до кои едно лице може да поседува дел од сопственоста на два или повеќе радиодифузери кои имаат дозвола за емитување телевизиска програма, соодветно се применуваат и на физичко или правно лице кое е мнозински содружник или мнозински акционер во радиодифузер кој има дозвола за обезбедување радио емитување.

## ПОЛЕ НА РИЗИК 3: Висока концентрација на сопственоста кај кабелските/сателитските телевизиски станици

### Индикатор 3.1: Концентрација на сопственоста кај кабелските/сателитските ТВ станици (хоризонтална)

Дозвола да емитуваат телевизиска програма имаат 29 кабелски телевизии (од нив две на регионално ниво и 27 на локално ниво) и пет сателитски телевизии (сите на државно ниво).

Двете регионални и 25 локални кабелски телевизии се основани од домашни физички лица, а само две локални кабелски телевизии се основани од домашни правни лица. Сите правни и физички лица кои се јавуваат како сопственици на овие телевизии се различни и не постои хоризонтална интеграција на капиталот.

Сопственици на три сателитски телевизии се домашни физички лица, на една странско правно лице и на една домашно правно лице. Ниту еден од основачите на сателитските телевизии не се јавува како основач на друга телевизиска станица.

До декември 2013 година постоеше сопственичка поврзаност помеѓу сателитската телевизија ТВ Сител 3 и терестријалната телевизија на државно ниво ТВ Сител. Имено, основачот на правното лице „Монтеко“, кое е основач на ТВ Сител, истовремено беше основач и на правното лице „Луко Трејд“, кое беше основач на ТВ Сител 3. По извршената промена на сопственичката структура, правното лице „Луко Трејд“ истапи од сопственоста на сателитската телевизија, а како единствен основач пристапи физичко лице кое нема удели во сопственоста на друга телевизиска станица. По промената на сопственикот оваа телевизија продолжи да работи под името Сител 3.

Сопственичка поврзаност постоеше и помеѓу сателитската телевизија Канал 5 Плус и терестријалната телевизија на државно ниво ТВ Канал 5, во смисла на тоа дека терестријалната телевизија беше сопственик на 50% од сателитската телевизија. Во 2010 година, овој удел беше продаден на друго правно лице. И оваа телевизија го задржа името Канал 5 Плус.

**Индикатор 3.2.: Концентрација на публиката кај кабелските/сателитските ТВ станици**

Поради воведување на нов, пософистициран систем, а заради исклучувањето на аналогното емитување и започнувањето со дигиталното емитување на телевизискиот сигнал во јуни 2013 година, истражувачката агенција Ниелсен Аудиенце Меасуремент не беше во можност да и обезбеди на Агенцијата точни и прецизни податоци за гледаноста на сателитските, регионалните и локалните кабелски телевизии.

**Индикатор 3.3: Регулативни гаранции против високата концентрација на сопственоста кај кабелските/сателитските ТВ станици**

Одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се однесуваат на ограничувањето на сопственоста на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се објаснети погоре, во делот 1.Концентрација на сопственоста кај комерцијалните телевизиски станици, кај индикаторот 1.3.Регулативни гаранции против високата концентрација на сопственоста кај терестријалните ТВ станици.

## ПОЛЕ НА РИЗИК 4: Висока концентрација на вкрстена медиумска сопственост

### Индикатор 4.1: Број на сектори во кои осумте најзначајни претпријатија/сопственици се активни

Според податоците за сопствениците на правните лица кои имаат дозвола за обезбедување телевизиско и радио емитување, а кои се добиени од тековните состојби коишто ги издава Централниот регистар на Република Македонија, не постои формална сопственичка поврзаност помеѓу различните видови медиуми. Најзначајните медиумски претпријатија и нивните сопственици се активни во само еден медиумски сектор.

### Индикатор 4.2: Регулативни гаранции против високата концентрација на сопственоста помеѓу печатените медиуми и радиодифузерите

Во членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се предвидени мерки во однос на интеграцијата на капиталот помеѓу печатените медиуми и радиодифузерите. Така, ниту радиодифузерите, ниту лицата кои се основачи или носители на функции на управување во радиодифузери не смеат истовремено да се јавуваат како основачи на издавач на печатен медиум којшто издава дневен весник што се дистрибуира на подрачјето на кое се емитува радио и/или телевизиската програма, ниту пак на новинска агенција.

## ПОЛЕ НА РИЗИК 5: Висока вертикална концентрација

### Индикатор 5.1: Регулативни гаранции против создавање тесни грла во дистрибуцијата/мрежите како резултат на вертикалната интеграција

Со цел да се спречи прекумерна вертикална интерграција, односно да се спречи клучните елементи за производство, емитување, дистрибуција и сродни активности на медиумската индустрија да бидат контролирани од една компанија или група, во членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги утврдени се дејностите за кои се смета дека се неспоиви со дејноста на телевизиско односно радио емитување.

Поточно, во овој член е определено дека ниту радиодифузерите, ниту лицата кои се основачи или носители на функции на управување во радиодифузери не смеат истовремено да се јавуваат како основачи на:

- друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела,
- друштво за филмска продукција или
- оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми.
- друштво за истражување на пазарот и јавното мислење,

Согласно членот 39, недозволена медиумска концентрација се смета дека постои и кога еден радиодифузер учествува во оснивачкиот капитал на друг радиодифузер спротивно на одредбите од членот 37 од овој закон, истовремено емитува радио и телевизиска програма, освен за субјектот кој врши јавен радиодифузен сервис, издава дневен весник или пак, се занимава со било кој од погоре наведените дејности кои се неспоиви со дејноста на телевизиско односно радио емитување.

### Индикатор 5.2: Регулативни гаранции против високиот степен на интеграција помеѓу рекламните и медиумските активности

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги целосно ја исклучува можноста за сопственичка поврзаност помеѓу радиодифузерите и рекламните агенции. Имено, во членот 39 е наведено дека ниту радиодифузерите, ниту лицата кои се основачи или носители на функции на управување во радиодифузери не смеат истовремено да се јавуваат како основачи на друштво за реклама и пропаганда.

## ПОЛЕ НА РИЗИК 6: Недостаток на транспарентност на сопственичката структура

### Индикатор 6.1: Регулативни гаранции за транспарентност на сопственичката структура и/или контрола на јавноста

Со оглед на важноста на транспарентноста на сопственоста на медиумите за обезбедувањето медиумски плурализам, во Законот за медиуми се содржани одредби кои се однесуваат на прашањата во врска со обезбедување јавност во работењето на

радиодифузерите. Во членот 13 од овој Закон предвидена е обврска за радиодифузерите податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и податоците за изворите на финансирање во претходната година да ги објават на сопствената програма најмалку три пати годишно и снимка од објавената содржина да му достават на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Во изминатите девет месеци беше констатиран висок степен на исполнување на оваа обврска од страна на радиодифузерите.

### Индикатор 6.2: Регулативни гаранции за транспарентност на сопственичката структура и/или контрола кон регулаторот

Согласно членот 13 од Законот за медиуми, радиодифузерите се должни најдоцна до 31 март во тековната година во Агенцијата да достават податоци за: сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување; податоци за одговорниот уредник/уредници; податоци за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично); податоци за остварените вкупни приходи и расходи на радиодифузерот во претходната година од обезбедувањето на дејноста и податоци за просечната гледаност или слушаност на радиодифузерот во претходната година.

Во 2014 година само една локална радиостаница не ги достави овие податоци во Агенцијата.

Исто така, радиодифузерите не смеат да спроведат промена на сопственичката структура без претходно за тоа да ја известат Агенцијата и од неа да добијат одобрување. Агенцијата пак, е должна во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето да испита дали со предложените промени на сопственичката структура би се создала недозволена медиумска концентрација и доколку ова се потврди, Агенцијата ќе донесе одлука со која ќе го забрани спроведувањето на промената во сопственичката структура.

Во изминатите девет месеци, барање за одобрение за промена на сопственичката структура доставија три локални радиостаници и една регионална телевизија. Откако констатираше дека планираните промени се во согласност со законските одредби и дека со нив не се создава недозволена медиумска концентрација, Агенцијата издаде одобренија за спроведување на промените.

Плурализмот на сопственоста, спречувањето на нејзина прекумерна концентрација, како и транспарентноста на сопственичката структура се прашања на кои се внимава уште при процедурата на доделување дозволи за телевизиско и радио емитување. Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е предвидено дека пријавата за учество на јавниот конкурс за доделување дозволи, покрај другите податоци, треба да содржи и податоци за природата и обемот на учество кој ќе го има кандидатот во сопственичката структура на радиодифузерот и негово учество во сопственичката структура во други радиодифузери, доколку ја има; податоци за други физички или правни лица кои ќе учествуваат во сопственичката структура на радиодифузерот и нивното учество во други радиодифузери, доколку ги има; и податоци за други правни или физички лица кои би можеле да имаат значително влијание врз уредничката политика на радиодифузерот од аспект на поврзани лица во смисла на овој закон. Кон пријавата, покрај другите документи, кандидатите задолжително треба да достават и изјава заверена на нотар дека не ги прекршуваат одредбите од Главата IV „Заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги“, а ако кандидатот е правно лице треба да се достави и доказ за неговата сопственичка структура.

## Заклучоци

Поаѓајќи од значењето на поимот „концентрација на медиумската сопственост“, којшто подразбира  дека најголем дел од медиумите се во сопственост на мал број компании, односно сопственици, може да се заклучи дека во Република Македонија не постои висока концентрација на сопственоста кај давателите на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги. Најголем дел од сопствениците на медиумите поседуваат само по еден медиум, а во оние случаи каде постои сопственичка порзаност, таа е во рамките на праговите кои се дозволени со законската регулатива.

Новата медиумска регулатива, односно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми, кои стапија на сила во јануари 2014 година, претставуваат добра регулаторна гаранција за заштита на плурализмот на медиумската сопственост и за спречување на недозволената медиумска концентрација, како и за обезбедување јавност во работењето на издавачите на медиуми. Имено, во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се вградени соодветни мерки за спречување висока концентрација на сопственоста кај терестријалните телевизии, висока концентрација на сопственоста кај радиостаниците, како и висока концентрација на сопственоста кај кабелските и сателитските телевизиски станици, односно определени се праговите до кои едно физичко или правно лице може истовремено да се јавува како сопственик на два или повеќе даватели на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги. Исто така, овој Закон содржи и одредби кои се во насока на спречување на прекумерна дијагонална интеграција на сопственоста (интеграција на сопственоста помеѓу различните видови медиуми), како и одредби за спречување на прекумерна вертикална интеграција на сопственоста (во членот 39 се јасно наведени дејностите кои се неспоиви со дејностите на обезбедување телевизиско и радио емитување). Јавноста во работењето на издавачите на медиуми кон регулаторот и кон публиката е загарантирана со одредбите од членот 13 од Законот за медиуми.

**АНЕКС 1**

Податоци за сопственичката структура на телевизиските станици

| Скратен назив | Целосен назив | Податоци за основачот/ите и сооснователот/ите со процент на учество во основачкиот капитал |
|---|---|---|
| Терестријални ТВ на државно ниво | | |
| ТВ Алсат-М | Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје | Ферик Велија 1%, и Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги ВЕВЕ ГРОУП ДООЕЛ 99% |
| ТВ Алфа | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | АЛФА СКОП ДОО експорт-импорт Скопје 100% |
| ТВ Канал 5 | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | Вања Гавриловски 100% |
| ТВ Сител | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | МОНТЕКО 100% |
| ТВ Телма | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | Макпетрол АД Скопје 100% |
| Сателитски ТВ | | |
| ТВ 24 Вести | Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип | Цабле 24 ДОО Линц, Австрија |
| ТВ Канал 5 Плус | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје | Трговско друштво за односи со јавност и информирање КАЛИСТРАТ ДООЕЛ Скопје 100% |
| ТВ Наша ТВ | Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје | Милица Гоговска 100% |
| ТВ Сител 3 | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје | Зоран Додевски 100% |
| ТВ Сонце | Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп | Ѓорѓија Атанасоски 100% |
| Кабелски ТВ на државно ниво | | |
| ТВ Амазон | Трговско радиодифузно друштво ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје | Драган Ѓорѓиевски 100% |
| ТВ Скајнет | Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ - Манчев ДОО Скопје | Тодорче Коцев 95%, Манчев Митко 5% |
| Терестријални ТВ на регионално ниво | | |
| ТВ БТР | Трговско радиодифузно друштво ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ Скопје | Зоран Димов 100% |
| ТВ Едо | Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин,Сарај | Енес Бабачиќ 100% |
| ТВ Ера | Трговско Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје | Арлинда Меметај 60% и Авдула Меметај 40% |
| ТВ МТМ | Трговско радиодифузно друштво ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје | Зоран Давчев 100% |
| ТВ Скопје | Трговско радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје | АЛФА-СКОП ДОО експорт-импорт Скопје 99,98% и Љубомир Николовски 0,02% |
| ТВ Шутел | Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје | Фари Елез 100% |

| | | |
|---|---|---|
| ТВ КТВ | Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци | Марјан Тодоров 100% |
| ТВ Тиквешија | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци | Саше Стојановски 100% |
| ТВ Златен канал | Трговско радиодифузно друштво ЗЛАТЕН КАНАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Крива Паланка | Друштво за консалтинг и посредување НВСП ДООЕЛ Скопје 100% |
| ТВ Сител 2 | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје 100% |
| ТВ Д1 | Трговско радиодифузно друштво за телевизиски активности ТЕЛЕВИЗИЈА Д1 ДООЕЛ, Делчево | Друштво за услуги ГМ ТРЕЈД СОЛУШНС ДООЕЛ од Скопје, 100% |
| ТВ Ирис | Трговско радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип | Баргала АД 97,57% и Владимир Милановиќ 2,43% |
| ТВ Стар | Трговско радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип | Симјончо Маријанов 90% и Розетка Моневска 10% |
| ТВ Вис | Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица | Јанко Мицев 100% |
| ТВ ВТВ | Трговско радиодифузно друштво ТВ ВТВ ДООЕЛ Валандово | Друштво за услуги ЕМПЕРИЈАН ВИЗИОН ДООЕЛ од Скопје, 100% |
| ТВ Ко-Бра | Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш | Ленче Литајковска 50% и Игор Литајковски 50% |
| ТВ Боем | Трговско радиодифузно друштво ТВ БОЕМ ДООЕЛ Кичево | Друштво за услуги ГМ ТРЕЈД СОЛУШНС ДООЕЛ од Скопје, 100% |
| ТВ Вижн-БМ | Трговско радиодифузно друштво ВИЖН-БМ ДООЕЛ Прилеп | Бранкица Мавчева 100% |
| ТВ Ускана | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ | Мунир Мехдиу 100% |
| ТВ НТВ | Трговско радиодифузно друштво НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ | Друштво за услуги ДМТ ПРОДАКШН ДООЕЛ од Скопје, 100% |
| ТВ Канал три | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар | Друштво за услуги ЕМПЕРИЈАН ВИЗИОН ДООЕЛ од Скопје, 100% |
| ТВ Кисс | Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс,Злате ДООЕЛ Тетово | Тодоровски Злате 100% |
| ТВ Коха | Трговско радио дифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово | Меваип Абдиу 100% |
| ТВ Менада | Трговско радиодифузно друштво МЕНАДА-ТЕТОВО ДОО Тетово | Друштво за услуги ДМТ ПРОДАКШН ДООЕЛ од Скопје, 100% |
| ТВ Чеграни Медиа | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с. Чегране-Гостивар | Емрула Чеграни 100% |
| Кабелски ТВ на локално ниво | | |
| ТВ Далга-Крт | Трговско радиодифузно друштво ДАЛГА - КРТ Гордана ДООЕЛ Куманово | Милковска Гордана 100% |
| ТВ Феста | Трговско радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово | Нецати Аќифи 100% |
| ТВ Хана | Трговско радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово | Мевљан Љатифи 100% |
| ТВ Нова | Трговско радиодифузно друштво НОВА ДООЕЛ Куманово | ИТЗ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје 100% |

| | | |
|---|---|---|
| ТВ Кочани-ЛД | Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани | Лазо Димитров 100% |
| ТВ Канал 8 | Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани | Благој Ситновски 100% |
| ТВ Протел | Трговско радиодифузно друштво ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип | Чедо Петров 100% |
| ТВ Еми | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш | Друштво за трговија и услуги Еми Петрол Постолов и други ДОО увоз-извоз Радовиш 100% |
| ТВ Интел | Трговско друштво за радиодифузија ИНТЕЛ ДОО Струмица | Анче Запрова 50% Ѓеорѓе Запров 50% |
| ТВ Нова | Трговско радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија | Валентина Џундова 33% Јован Јованов 67% |
| ТВ Канал 21 | Трговско радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес | Зоран Ставрев 100% |
| ТВ Здравкин | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес | Ангелче Здравкин 100% |
| ТВ Свет | Трговско радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе | Драган Дечков 51% и Ѓорги Дечков 49% |
| ТВ Лажани | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени | Руждија Хасановиќ 100% |
| ТВ Орбис | Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ | Томислав Новаковиќ 100% |
| ТВ Тера | Трговско радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ | Зоран Манговски 100% |
| ТВ Морис | Трговско радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид | Јован Трпески 100% |
| ТВ М | Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ | Арнаудов Михајло 100% |
| ТВ Калтрина | Трговско радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ | Мазар Татеши 100% |
| ТВ Спектра | Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ | Демиш Каримановски 100% |
| ТВ Дибра ТВ Дебар | Трговско радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар | Илир Лела 100 % |
| ТВ Гурра | Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево | Сејдин Исени 100% |
| ТВ Аниса | Трговско радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница | Јаоска Ѓулназа 100% |
| ТВ Арт | Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово | Артан Скендери 100% |
| ТВ Супер Скај | Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ,Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово | Муслим Азири 100% |
| ТВ Дуе | Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар | Назми Елези 100% |
| Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА | Трговско радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар | Фатмир Лимани 100% |

**АНЕКС 2**

Податоци за сопственичката структура на радиостаниците

| Скратен назив | Целосен назив | Податоци за основачот/е и соосновачот/е со процент на учество во основачкиот капитал |
|---|---|---|
| Радиостаници на државно ниво | | |
| РА Антена 5 | Трговско Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров,Јаневски и Гушев ДОО Скопје | Зоран Петров 33,3%,Маријан Гушев 33,3% и Коста Јаневски 33,3% |
| РА Канал 77 | Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип | Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ 100% |
| РА Рос Метрополис | Радиодифузно трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје | Дарко Гелев 49.9% Ацо Драговиќ 0,2% Миле Ѓошевски 49.9% |
| РА Слободна Македонија | Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | Друштво за консалтинг и посредување НВСП ДООЕЛ Скопје 100% |
| Радиостаници на регионално ниво | | |
| РА Арачина | Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново | Џавит Сулејмани 100% |
| РА Буба Мара | Трговско радиодифузно друштво БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје | Ранко Петровиќ 100% |
| РА Ват | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје | Рахим Кадри 50%, Екрем Кадри 50% |
| РА Зона М-1 | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје | Светлана Тасевска 100% |
| РА Класик | Трговско радиодифузно друштво ГАУДЕАМУС РАДИО КЛАСИК ФМ ДООЕЛ Скопје | Татјана Алексиќ 100% |
| РА Клуб ФМ (Уно) | Трговско радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје | Ѓорѓи Савев 34%, Љупчо Петрески 66% |
| РА Лајф ФМ | Трговско радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје | Крешник Ајдини 100% |
| РА Роса АБ | Радиодифузно трговско друштво РАДИО РОСА - АБ ДООЕЛ Скопје | Александар Димитров 100% |
| РА РФМ | Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје | Друштво за архитектура и инженеринг АРК ДИЗАЈН ДООЕЛ Скопје 100% |
| РА Сити | Трговско радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје | Дарко Гелев 100% |
| РА Скај | Радиодифузно трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодир ДООЕЛ - Скопје | Теодор Манески 100% |
| РА Хоме | Трговско радиодифузно друштво ХОМЕ РАДИО ДООЕЛ Скопје | Друштво за контрола и услуги БИЛД КОНТРОЛ ДООЕЛ Скопје 100% |
| РА Спортско радио 90,3 ФМ | ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | Тони Митев 100% |

| | | |
|---|---|---|
| РА Фолк | Трговско радиодифузно друштво ФОЛК - РАДИО ДООЕЛ Скопје | Ристоски Перо 100% |
| РА Фортуна | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје | Виолета Божиноска 100% |
| РА Џез ФМ | Трговско радиодифузно друштво ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ - Скопје | Љупчо Хаџи-Стефанов 100% |
| Радиостаници на локално ниво | | |
| Скај радио плус | Трговско радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово | Веселка Радинска 100% |
| РА 106 | Трговско радиодифузно друштво РАДИО 106 Битола ДООЕЛ | Христовски Кире 100% |
| РА Актуел | Трговско Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ | Владимир Николоски 100% |
| РА Б-97 | Трговско Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола | Петар Робе 100% |
| РА Делфин | Трговско радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола | Билјана Талева 100% |
| РА Валандово | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово | Снежана Шунтова 50% и Дионис Нунов 50% |
| РА Голди | Трговско радиодифузно друштво ГОЛДИ ДООЕЛ Велес | Маја Чадиева 100% |
| РА Мерак 5 ФМ | Трговско Радиодифузно друштво РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес | Димче Саздов 50% и Љупчо Несторов 50% |
| РА Це-Де | Трговско радиодифузно друштво Радио ЦЕ ДЕ Валентина Михајловска ДООЕЛ Велес | Валентина Михајловска 100% |
| РА Ла Коста | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница | Дафинка Костадинова 100% |
| РА Комета | Трговско радиодифузно друштво КОМЕТА 2000 Раде ДООЕЛ Гостивар | Раде Исајлоски 100% |
| РА ПРО-ФМ | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ 92 ЕКСКЛУЗИВ ДООЕЛ Гостивар 100% |
| РА Тајм | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ТАЈМ Павле ДООЕЛ Гевгелија | Павле Јовановски 100% |
| РА Мерлин | Трговско радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар | Арбер Кица 100% |
| РА Зора | Трговско Радиодифузно друштво за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево | Стојанчо Антовски 100% |
| РА Еми | Трговско радиодифузно друштво за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с. Жировница Ростуше | Џевдет Мехмеди 100% |
| РА Галакси-2002 | Трговско радиодифузно друштво ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци | Ангелова Нада 100% |
| РА Кавадарци | Трговско радиодифузно друштво РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци | Трајанка Митрова 100% |

| | | |
|---|---|---|
| РА Александар Македонски | Трговско радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ | Илија Таневски 100% |
| РАДИО АКОРД ДООЕЛ Кичево | Трговско радио-дифузно друштво РАДИО АКОРД ДООЕЛ Кичево | Зорица Ѓореска 100% |
| РА Медисон | Трговско радиодифузно друштво РАДИО МЕДИСОН ДООЕЛ Кичево | Нада Јосифоска 100% |
| РА Ускана-Плус | Трговско друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА-ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево | Арбер Мехдиу 100% |
| РА Кочани ФМ | Радиодифузно трговско друштво РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани | Илчо Лазаровски 50% и Илија Стефановски 50% |
| РА Аљбана | Трговско радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ - Куманово | Аљбина Велији 100% |
| РА Браво | Трговско радиодифузно друштво РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово | Тони Јакимовски 100% |
| РА Јехона | Трговско радиодифузно друштво ЈЕХОНА 2003 ДООЕЛ с.Матејче Липково | Бесим Шабани 100% |
| РА КМР | Трговско радиодифузно друштво МУЗИЧКО РАДИО КМР ДООЕЛ Куманово | Сузана Андоновиќ 100% |
| РА Морис плус | Трговско радиодифузно друштво РАДИО МОРИС ПЛУС ДООЕЛ Македонски Брод | Пецо Симјаноски 100% |
| РА Продукција-ЛГН* | Трговско радиодифузно друштво ПРОДУКЦИЈА-ЛГН експорт-импорт ДОО Неготино * | Гордан Арсовски 50% и Љупчо Цветков 50 % |
| РА Пулс | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПУЛС ДООЕЛ Неготино | Зоран Илиевски 100% |
| РА Лав | Трговско радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид | Иванчо Пашоски 100% |
| РА МХ | Трговско радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ - РАДИО Охрид ДООЕЛ | Зоран Здравковиќ 100% |
| РА Охрид | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО ОХРИД | Венко Шапкар 85% и ПИОМ 15% |
| РА Супер | Друштво со ограничена одговорност за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ | Сашо Митаноски 100% |
| РА Пехчево | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПЕХЧЕВО Ванчо ДООЕЛ Пехчево | Ванчо Јовановски 100% |
| РА 5 Чоки | Трговско радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп | Илија Бошкоски 100% |
| РА Мефф | Радио дифузно трговско друштво МАПЕДИТО-РАДИО МЕФФ ДООЕЛ Прилеп | Билјана Јовеска 100% |
| РА Холидеј | Трговско радиодифузно друштво ХОЛИДЕЈ Прилеп ДООЕЛ | Ленче Андоноска 100% |

| | | |
|---|---|---|
| РА Еко | Друштво за радиодифузна дејност, трговија и услуги ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип | Дарко Пановски 100% |
| РА Модеа | Трговско радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе | Блаѓе Монев 100% |
| РА Свети Николе | Трговско радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе | Пензиско и инвалидско осигурување Скопје 12% и Меѓународен Славјански институт Москва, Свети Николе 88% |
| РА Ди-Џеј | Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга | Цане Кенчевски 100% |
| ТРД РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга | Трговско радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга | Мугни Арифи 100% |
| ДООЕЛ МИ НИ РАДИО Струга | Друштво за телекомуникации и радиодифузија со увоз-извоз МИ НИ РАДИО Струга ДООЕЛ | Никола Бебекоски 100% |
| РА Ррапи | Друштво за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ Општина Велешта ДООЕЛ | Фисник Бектеши 100% |
| РА Експрес | Трговско радио-дифузно друштво ЕКСПРЕС-РАДИО ДООЕЛ Струмица | Појразовски Ѓорге 100% |
| РА Хит | Трговско радиодифузно друштво ХИТ РАДИО ДООЕЛ Струмица | Стево Трајков 100% |
| РА Блета | Трговско радиодифузно друштво БЛЕТА ДООЕЛ Тетово | Африм Рамадани 100% |
| РА Кисс | Трговско радиодифузно друштво РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово | Габриела Ѓурчиноска 100% |
| РА Плус Форте | Трговско радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово | Небојша Карапејовски100% |
| РА Фама | Трговско радио дифузно друштво РАДИО ФАМА ДОО Тетово | Ајет Демири 50% и Мухамер Асани 50% |
| РА Ред ФМ | Трговско радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово | Мухамет Ајети 100% |
| РА ЕНЏЕЛС ФМ | Трговско радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип | Иле Митов 100% |